СОЗДАВАМЕ ИДНИНА ЗАЕДНО

НАЦИОНАЛНА РАЗВОЈНА СТРАТЕГИЈА

# Тематска анализа/дијагностика: **Туризам**

## Извршно резиме

Современите тенденции во развојот на туризмот во светот покажуваат дека станува збор за појава која постојано добива нови вредности. Тоа се гледа како по зголемувањето на бројот на туристи кои се вклучуваат во оваа дејност и остварените приходи во неа, така и од појавата на нови даватели на услуги и развојот на стопански и нестопански активни чинители на туристичката понуда. Побарувачката за туристички производи и услуги се карактеризира со нагласена хетерогеност и континуирано ширење на интересот за нови туристички содржини. Тоа значи дека во туризмот се вклучуваат баратели на туристички услуги со различни афинитети. Од друга страна, за да се одговори на ваквите барања потребно е синхронизирано делување на бројни инволвирани страни. Туризмот како комплекснапојава подлегнува на бројни закани од различен карактер, додека последиците на туризмот се видливи во сите сфери на социо-културно и економско окружување.

Долгорочното планирање на туризмот во РС Македонија треба да ги опфати следните области:

- Диверзификација на туристичката понуда преку иновативни решенија и развој на одржливи форми туризам со висок квалитет;
- Унапредување на системите за управување со туристичкиот развој;
- Создавање поволни услови за порамномерен развој на туризмот со почитување на принципите на локална партиципативност, родова еднаквост, социјална инклузивност и мултикултурна интеграција;
- Дигитализација на туристичката дејност на РС Македонија како алатка на компетитивна туристичка дестинација;
- Подигнување на нивото на знаење и компетенции на сите инволвирани чинители во туризмот;

Идните туристички развојни политики во РС Македонија треба да овозможат поефикасно и поефективно управување во сите сфери на туризмот при што локалното население ќе биде интегративен дел во процесите за одлучување. Високостручни и професионални човечки ресурси треба да одговорат на современите предизвици кои произлегуваат од развојот на туризмот. Диверзифицираната и висококвалитетната туристичка понуда треба да овозможи РС Македонија да прерасне во атрактивен туристички простор со висока компетитивност при настапот на меѓународните туристички пазари. Етичките и моралните социо-културни императиви, како и локалните и регионалните специфичности треба да бидат неизоставен дел во рамките на креирањето на иновативни решенија. Со тоа, долгорочните перспективи на туристичкиот развој во нашата држава ќе се усогласат со утврдените вредности на Европската Унија.